Врз основа на член 36 став (1) точка 11 од Законот за културата (Службен весник на РМ бр. 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 15/2008, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 136/2012, 23/2013, 187/2013, 44/2014, 61/2015, 39/2016 и 11/2018) и член 26 став (1) точка 11 од Статутот на Националната установа „Оркестар за џез музика на Р. Северна Македонија“ - Скопје бр. ______________ од 2024 година го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОЛАГАЊЕ НА АУДИЦИЈА ВО Н.У. ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr 02-114
24.01. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Општи одредби**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите, начинот, органот и постапката за спроведување на аудиција.

**Член 2**

Овој Правилник се однесува за вработување на уметници, на определено и неопределено време, распоредување на работни места, утврдување на способноста за самостојно вршење на работни задачи на приправници и други случаи кога ќе се укаже потреба за аудиција. Пријавените кандидати се известуваат писмено, на огласна табла, за денот и местото за полагањето на аудицијата.

**Член 3**

Врз основа на резултатите од спроведената аудиција се утврдува дали одговараат стручните и уметничките способности на кандидатот со потребните услови кои се бараат за работа на одредено место за кое кандидатот се пријавил.

**Член 4**

На аудицијата може да се јават кандидати кои ги исполнуваат условите од јавниот оглас за вработување или интерниот оглас за унапредување, објавени во дневен печат и останатите јавни гласила во кои НУ „Оркестар за џез музика на РСМ“ – Скопје е должна да го објави огласот за пополнување на работно место.

Составен дел од овој Правилник е Програма за аудиција, која ќе биде достапна за кандидатите со објавување на огласот за пополнување на работно место.

**Орган за спроведување на аудиција**

**Член 5**

Директорот на НУ „Оркестар за џез музика на РСМ“ – Скопје ја избира Комисијата за полагање на аудиција, која се состои од 5 (пет) члена од редот на истакнати уметници, и 2 (два) заменика, од кои еден мора да биде од редот на истакнати уметници.

Комисијата ја спроведува постапката во полн состав или со замениците. По утврдување на кворумот за полноважно спроведување на постапката, претседателот ги повикува пријавените кандидати да пристапат на аудиција.

**Постапка за спроведување на аудицијата**

**Член 6**

На аудицијата се повикуваат кандидатите кои ја поминале постапката за селекција врз основа на пријавата и доставените документи, односно лицата кои ги исполнуваат формалните услови наведени во огласот, а се во согласност со општите акти на НУ „Оркестар за џез музика на РСМ" – Скопје.

За денот и часот на одржување на аудицијата, кандидатите се известуваат преку огласна табла и на телефонскиот број кој го означиле на пријавата.

Кандидатите кои се уредно повикани а не се јавиле на аудиција, се смета дека се откажале од натамошното учество во постапката.

**Начин на спроведување на аудиција**

Аудицијата се полага во две етапи. Секоја етапа е елиминациона.

Првата етапа е составена од два дела, кои се следните:

- Изведба на една џез композиција од листа која е условена од спецификата на работото место кое е огласено, која е содржана во Програмата за аудиција, со придружба од аудио матрица обезбедена од комисијата.
- Изведба на соло џез композиција (без придружба), по слободен избор на кандидатот.

Редоследот на кандидатите се утврдува со извлекување на број, непосредно пред аудицијата. Заради објективност, на членовите на аудиционата комисија им се забранува користење на телефони, таблети, компјутери и сл. Доколку тројца од членовите на комисијата гласаат негативно (со оценка 5) кандидатот не продолжува во втората етапа. Комисијата по гласањето го известува кандидатот дека нема да учествува во втората етапа на аудицијата.

**Член 7**

Втората етапа од аудицијата се состои од два дела кои се следните:

- изведба на Биг Бенд композиција условена од спецификата на работото место кое е огласено, која е содржана во Програмата за аудиција, со придружба од оригинална изведба на истата (аудио снимка), обезбедена од комисијата
- композиција која му се дава на кандидатот да ја чита на самата аудиција (Prima vista), како што е детално појаснето согласно Програмата за аудиција.

По завршената втора етапа од аудицијата, аудиционата комисија се повлекува и ги оценува кандидатите со поени од 5 (не положил) до 10, со јавно гласање и со пополнување на формулари за секој кандидат и утврдува предлог - одлука која ја доставува до директорот, заедно со писмените листи за гласање. Критериумите (параметрите) се следните:

- интонација
- ритам
- стилска одреденост (стилски карактер)

- уметнички впечаток (виртуозност, музикалност, сугестивност)
- подготвеност на оркестарските делници (со сите претходни параметри)
- општо мислење за кандидатот

Аудицијата ја положил кандидатот со најголем број бодови збирно.

Доколку еден или повеќе кандидати освоиле ист број на гласови, се преминува на нивно рангирање: прв, втор, трет, според висината на добиените оценки (на пр. прв ќе биде оној кој што добил најмногу високи оценки).

**Член 8**

Членовите на Комисијата се испитувачи на кандидатот.

**Член 9**

НУ „Оркестар за џез музика на РСМ“ – Скопје, ќе обезбеди нотен материјал за програмата на аудицијата, кој ќе биде достапен на кандидатите и истиот можат да го подигнад од седиштето на НУ „Оркестар за џез музика на РСМ“ – Скопје.

Аудицијата кандидатите ќе ја полагаат во придружба од музичка матрица обезбедена од Комисијата.

**Член 10**

Спроведувањето на аудициите е јавно. Доколку за време на аудицијата, присутните ги нарушуваат редот и дисциплината, претседателот на комисијата може да ги отстрани одделните слушатели или да побара аудицијата да ја напуштат сите присутни за да продолжи само во присуство на членовите на комисијата и пријавените кандидати за аудиција.

**Член 11**

Аудициите се снимаат аудио и останувaaт трајно во архивата на НУ „Оркестар за џез музика на РСМ“ – Скопје, заедно со Решението на аудиционата комисија.

**Записник за спроведена аудиција**

**Член 12**

За спроведената аудицијата се подготвува записник кој го потпишува претседателот на комисијата. Во содржината на записникот задолжително се наведуваат гласовите на сите членови од аудиционата комисија поименично.

Во продолжение на записникот, аудиционата комисија до директорот доставува предлог – одлука за избор на најдобриот кандидат.

**Член 13**

Според предлог - одлуката на аудиционата комисија, директорот донесува одлука за избор на кандидатот и со него склучува договор, согласно закон.

**Член 14**

По извршениот избор од аудицијата, пријавените кандидати на огласна табла се известуваат во рок од 3 (три) дена.

**Член 14**

По одлуката на директорот, незадоволните кандидати имаат право на жалба (приговор), согласно закон.

Ако ниту еден од кандидатите не ги исполнува критериумите за избор, работното место останува непополнето.

**Член 16**

Овој Правилник влегува на сила во рок од 7 (седум) дена од денот на објавувањето на Огласна табла. Постапка за изменување и дополнување на овој Правилник, се врши на начин и постапка како и за неговото донесување.

**Претседател на УО на**
**Оркестар за џез музика на Р. Северна Македонија**
**Г-дин Сашко Николовски**